Врз основа на член 67 од Статутот на Комерцијална банка АД Скопје, а во врска со член 4 од Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции донесена од Собранието на Банката на 25.03.2008 година и Одлуката за одредување на бројот на акции и цената на акциите од V-та емисија издадени од Комерцијална банка АД Скопје донесена од Надзорниот одбор на Банката на 26.06.2008 година, Надзорниот одбор на Банката на својата 7-ма седница одржана на 24.09.2008 година, донесе

# ПРАВИЛА
## за постапување при примена на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции

### Член 1

Со овие правила се утврдува начинот на примена на член 4 од Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V -та емисија на акции, донесена од страна на Собранието на акционери на Банката на 25.03.2008 година, во однос на временскиот принцип утврден во цитираниот член во постапката на јавната понуда за издавање на обични акции на Банката.

### Член 2

Запишување на акциите предмет на издавање, согласно Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V -та емисија на акции ( понатаму во текстот Одлуката), се врши во просториите на Комерцијална банка АД Скопје, ( понатаму во текстот Банката), соба 217 во стар дел, на денот утврден со Одлуката и Проспектот со почеток во 09.00 часот. Лицето кое запишува акции односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува писмена изјава (Уписница).

### Член 3

Во истиот рок, определен во Одлуката и Проспектот, пред запишувањето на акциите лицата кои сакаат да запишат акции ги уплатуваат средствата за акциите предмет на издавање со јавната понуда.

**Член 4**

Уплатата на средствата се врши во денари на посебната жиро сметка на Комерцијална банка АД Скопје 300-000000000-133 со повикување на број 25499203.
За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебната сметка во Банката, која не може да биде користена од страна на Банката се додека јавната понуда не биде успешно завршена.
Средствата кои еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се сметаат за дел од стечајната маса во случај на стечај на Банката пред успешното завршување на понудата.

На налогот за уплата на средствата за акции кои ќе се запишат се означува датумот, часот и минутата на уплата на средствата. Уплатите на средства пред официјалниот почеток на јавната понуда (на денот утврден со Одлуката и Проспектот со почеток во 09.00 часот) се сметаат за неважечки и на запишувачите нема да им се доделат акции. Доколку уплатата се изврши преку друга банка, како временски момент на уплата на средствата ќе се земе датумот, часот и минутата на уплатата означени на налогот за уплата. Лицето кое ги уплатило средствата мора веднаш, односно најдоцна истиот ден до 16-00 часот и да ги запише акциите за кои е извршена уплата на средствата. Доколку средствата се уплатени во друга Банка при запишување на акциите да се презентира доказ за извршената уплата на средства во друга банка. Во спротивно, како време на уплата се зема датумот, часот и минутата на прием на средствата на сметката на Комерцијална банка АД Скопје утврдена со Проспектот.
На сите заинтересирани субјекти- физички лица кои плаќањето ќе го вршат преку Комерцијална банка АД Скопје се препорачува пред официјалниот почеток на јавната понуда да ги уплатат планираните средства на трансакциска сметка во Банката со рок по видување. Доколку физичките лица не поседуваат трансакциска сметка, истата може да ја отворат во сите филијали и експозитури на Банката. На овој начин физичките лица ќе можат брзо и ефикасно по официјалниот почеток на јавната понуда да извршат трансфер на средствата на горенаведената сметка, во службата за штедење на Банката.

**Член 5**

Сите субјекти кои со запишувањето на акциите се стекнуваат со над 5% од вкупниот број на обични акции со право на глас, при пополнување на уписницата потребно е да презентираат претходна согласност од НБРМ со која е одобрено стекнувањето на обични акции над 5% од вкупниот број на обични акции со право на глас. Во спротивно, Банката на запишувачот ќе му распореди акции во износ кој заедно со претходно стекнатите акции на

запишувачот не надминува 5% од вкупниот број на обични акции со право на глас.

Доколку се запишани повеќе акции во однос на платените средства, на запишувачот му се распоредуваат акции во износ што одговара на износот на уплатените средства.

Доколку се запишани помалку акции а уплатени повеќе средства, на запишувачот ќе му се распределат акции во износ колку што запишал, независно што уплатил поголем износ на средства.

**Член 6**

Распоредувањето на акциите на запишувачите на акции, Банката ќе го врши по хронолошки редослед, односно според датумот, часот и минутата на уплата на средствата.

Заради обезбедување на рамноправен третман и можност сите заинтересирани субјекти да упишат акции во јавната понуда, доколку два или повеќе купувачи на акции уплатат средства **во првите 7 дена** од почетокот на постапката за запишување и уплата и со нивните уплати се надминува вкупниот износ на понудени акции за продажба, распределбата на акциите помеѓу овие купувачи ќе се врши во зависност од поединечното процентуално учество на уплатата на секој од уплатувачите во вкупно уплатените средства во овој временски интервал. На секој уплатувач кој според процентуалното учество во вкупните уплати се стекнал со право на нецел број на акции, бројот на доделени акции ќе се заокружи на повисокиот број доколку нецелиот дел е поголем од 0,5, односно на помалиот број доколку нецелиот број е помал или еднаков на 0,5. Во случај кога, како резултат на примена на правилото на заокружување дојде до запишување на повеќе акции од понудените, разликата ќе биде распределена од акциите на запишувачот со најголем број запишани акции.

По истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, доколку според времето на уплата се уплатени средства за запишани акции со кои еден дел од уплатените средства врз основа на примената на став 1 од овој член, го надминува вкупниот износ на акциите предмет на продажба, на запишувачот му се распоредуваат дел од запишаните акции до износ со кој се достигнува вкупниот износ на акции предмет на продажба.

Оние лица кои уплатиле средства за запишување на акции по истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, но врз основа на примената на хронолошкиот редослед веќе е уплатен целиот износ на акции предмет на продажбата, не учествуваат во распределбата на понудените акции.

По истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, доколку два или повеќе купувачи на акции уплатат средства во исто време (датумот, часот и минутата се исти) и со нивните уплати се надминува вкупниот износ на понудени акции за

продажба, распределбата на акциите помеѓу овие купувачи ќе се врши во зависност од поединечното процентуално учество на уплатата на секој од уплатувачите во вкупно уплатените средства во истиот временски момент. На секој уплатувач кој според процентуалното учество во вкупните уплати се стекнал со право на нецел број на акции, бројот на доделени акции ќе се заокружи на повисокиот број доколку нецелиот дел е поголем од 0,5, односно на помалиот број доколку нецелиот број е помал или еднаков на 0,5. Во случај кога, како резултат на примена на правилото на заокружување дојде до запишување на повеќе акции од понудените, разликата ќе биде распеделена од акциите на запишувачот со најголем број запишани акции.

**Член 7**

Доколку вкупниот износ на понудените обични акции од V-тата емисија по пат на јавна понуда, се уплатат и запишат пред истекот на 12 месеци од денот на започнување на запишувањето и уплатата на акциите од V-та емисија предвиден со Проспектот, Банката во рок од 15 дена од денот на завршување на јавната понуда ќе објави во еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија и на WEB страната на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, дека понудените акции од V-тата емисија по пат на јавна понуда се во целост уплатени пред предвидениот рок од 12 месеци и дека постапката по јавната понуда за продажба на сопствените акции се затвора.

Доколку по истекот на 12 месеци од денот на започнување на запишувањето и уплатата на акциите од V-та емисија предвиден со Проспектот не се запишат сите понудени акции, Банката во рок од 15 дена од денот на завршување на јавната понуда ќе го објави бројот на запишани и уплатени акции, односно процентот на реализација на емисијата. Известувањето за исходот на јавната понуда ќе биде објавен во еден дневен весник кој излегува на на територијата на Република Македонија и на WEB страната на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје.

По објавата од став 1 на овој член, Банката на инвеститорите кои уплатиле средства а не учествувале во распределбата на акциите предмет на продажба како и на инвеститорите кои уплатиле средства по објавата за затворање на постапката, ќе им ги врати уплатените средства.

**Член 8**

Во рок од 8 дена од успешното завршување на V-та емисија на акции, Банката ќе го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар. На сите инвеститори кои успешно запишале и уплатиле обични акции од V-тата емисија предмет на јавната понуда, во рок од 3 работни дена од уписот на зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар ќе се изврши распределба на акциите на нивните сметки во Централниот депозитар за хартии од вредност ад Скопје.

**Член 9**

Со стапување во сила на овие Правила, Правилата за постапување при примена на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции донесени од Управниот одбор на Банката на 11.07.2008 година се ставаат вон сила.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

**Претседавач**

**Сава Димитрова**